# Документ за политики за унапредување на правата на трансродовите луѓе во Северна Македонија

Резиме

Август 2026 година

Скопје

**Авторка: Драгана Дрндаревска**

Состојбата со правата на трансродовите луѓе во Северна Македонија е неповолна и покрај постоењето на формално-правна заштита од дискриминација и дела од омраза. Законската рамка недоволно се спроведува, додека специфичните права, услуги и постапки, како правното признавање на родот и медицинското прилагодување на родот, се непристапни и недостапни. Трансродовите луѓе се соочуваат со стигматизација, дехуманизација, насилство и институционални бариери во различни области на животот, вклучително здравството, работните односи, социјалната заштита и интимните и партнерските односи. Неповолната состојба дополнително ја продлабочуваат анти-родовите дискурси и политики, како и ограничениот простор за застапување и делување на граѓанското општество. Во таков контекст, потребно е унапредување на политиките што ќе обезбедат суштинска, а не само формална еднаквост и целосно уживање на правата на трансродовите луѓе.

Целта на документот е да ги идентификува и претстави искуствата на трансродовите луѓе со повреди на права, стигматизација и нееднаквост и да ги идентификува клучните области на политики во кои се потребни промени, врз основа на нивните искуства и потреби. Документот има за цел да послужи како основа за застапување пред националните носители на одлуки, како и пред меѓународните и регионалните организации и други релевантни актери кои имаат влијание врз националната агенда за човекови права и родова еднаквост.

Овој документ е подготвен врз основа на квалитативни податоци од две фокус групи со 10 трансродови, интерсекс и родово-небинарни лица, преку кои се идентификувани нивните искуства, потреби и клучни проблеми во пристапот до права и услуги. Наодите се тематски анализирани и, заедно со релевантната законска рамка, истражувања и извештаи, претставуваат основа за утврдување на приоритетните области и целите за промена на политиките.

## Клучни проблеми и искуства

Цитатот „Видливоста е важна, ама прво треба да си жив“ суштински ја отсликува дискусијата на фокус групите насочувајќи го фокусот кон потребата за обезбедување на елементарни услови за живот поврзани со безбедност и егзистенција како предуслови за социјално и политичко вклучување, здружување и солидарност, застапување и промоција на политичките барања и на квир културата. Искуствата на транродовите луѓе можат да се категоризираат во две широки области: 1. Безбедност и слобода за автентично живеење на родовиот идентитет; 2. Социјална благосостојба, право на работа, здравје и здравствена заштита. Дополнителни области од интерес се ЛГБТИ здруженијата и активизмот и механизмите за заштита на правата.

## Безбедност и слобода за автентично живеење на родовиот идентитет

Трансродовите луѓе се соочуваат со **широко распространета стигма, неприфаќање, дехуманизација и општествена невидливост**. Исмејувањето, навредите, патологизацијата и негирањето на родовиот идентитет создаваат чувство на небезбедност и страв, а искуствата на насилство – од микроагресии и вербално насилство до физичко насилство мотивирано од омраза – значително го ограничуваат достоинственото и слободно живеење.

Стравот од насилство и неприфаќање ги принудува трансродовите луѓе постојано да го приспособуваат своето однесување, изглед и родово изразување според проценката на ризикот. Ова особено ги погодува трансродовите жени и родово-небинарните лица, кои поради поголема видливост се соочуваат со дополнителни притисоци од очекувањата за исполнување на родовите норми. Постојаниот притисок, стигмата и искуствата на насилство имаат сериозни последици врз менталното здравје, вклучително анксиозност, депресија, панични напади, самоповредување и обиди за самоубиство.

Трансфобијата и родовите норми се репродуцираат и во рамки на ЛГБТИ заедницата, што придонесува кон фрагментација и создавање хиерархии околу тоа кое транс искуство се смета за „легитимно“. Затоа се нагласува потребата од поголема солидарност, и изразување на поддршка за прашања кои не директно ги засегаат сите во ЛГБТИ заедницата како правното признавање на родот и достапноста на услугите за медицинско прилагодување.

Општествената стигма значително влијае и врз **интимните и семејните односи**. Трансродовите луѓе, особено трансродовите жени, се соочуваат со фетишизација, сексуализација, неприфаќање како рамноправни партнери и потреба постојано да го објаснуваат својот идентитет, што може да создаде дополнителен безбедносен ризик. Поддршката од семеството, има клучно значење за безбедноста и благосостојбата, при што искуствата покажуваат дека со соодветна едукација и психолошка поддршка е можно прифаќање и активно поддржување на трансродовите лица од страна на семејството.

**Правното признавање на родот** се издвојува како клучен предуслов за достоинствено и безбедно живеење и за пристап до други права и услуги. И покрај пресудата на Европскиот суд за човекови права од 2019 година и обврската за воспоставување јасна и пристапна постапка не е исполнета. Отсуството на соодветно законско уредување на постапата ја прави неизвесна, долга и административно сложена.

## Социјална благосостојба, право на работа, здравје и здравствена заштита

Социјалната и економската несигурност на трансродовите луѓе е резултат на меѓусебно поврзани бариери во пристапот до работа, здравство и социјална заштита.

**Работните односи** во Северна Македонија се карактеризираат со несигурност, неформална работа, прекарни вработувања и недоволно ефикасни механизми за заштита на работничките права. Во таков контекст, трансродовите лица се соочуваат со дополнителна дискриминација при вработување, особено поради родовиот идентитет и неусогласените лични документи, што го ограничува нивниот пристап до формално вработување.

Дискриминацијата ги насочува дел од трансродовите лица кон неформална и несигурна работа, нископлатени позиции и работни места под нивните квалификации, често без договор, здравствено и пензиско осигурување. На работното место се забележуваат и вознемирување, погрешноословување, исмевање, озборување, непочитување на приватноста, сексуално вознемирување и притисок за приспособување на изгледот на родовите норми.

Особено ранливи се трансродовите жени, од кои воглавном се занимаваат со сексуална работа. Криминализацијата на **сексуалната работа**, заедно со ризикот од насилство, неплаќање и непочитување на договорените услуги, ги изложува на дополнителна несигурност и повреда на работничките права. Учесниците ја нагласуваат потребата од декриминализација или соодветно законско уредување што би обезбедило заштита од насилство и експлоатација.

Трансродовите луѓе имаат разновидни **здравствени потреби** поврзани со медицинското прилагодување на родот, кои опфаќаат хормонска терапија, хируршки интервенции, гласовна терапија, феминизација на лице, репродуктивно и ментално здравје и општа здравствена грижа. За нивно соодветно задоволување е потребен холистички и мултидисциплинарен пристап. Услугите за медицинско прилагодување на родот се непристапни и скапи, особено бидејќи не се покриени од здравственото осигурување и не се препознаени како услуги во контекст на медицинско прилагодување на родот. Некои услуги, како генитална хирургија, се недостапни и најчесто е потребно патување во странство.

Структурна пречка претставува цисноративноста во здравствениот систем. Иако дел од медицинските услуги и средства постојат, тие се организирани според

потребите на цисродовата популација. Клучен проблем е патологизацијата на трансродовоста преку условувањето на пристапот до одредени услуги со психијатриска дијагноза Ф.64 – транссексуализам. Недовербата кон психијатрите, стравот од непризнавање, дискриминација и наметнување на родово-конверзиона терапија, како и ограничениот број стручни лица, придонесуваат голем дел од трансродовите луѓе самостојно да започнуваат хормонска терапија („DIY транзиција“), преземајќи здравствени ризици поради непристапноста и небезбедноста на системот.

Проблемите се присутни и при користењето на општите здравствени услуги и услугите за ментално здравје. Учесниците опишуваат несоодветни и непотребни терапии, недоволно информирање и непочитување на правата на пациентите, како и случаи кога психичките состојби се користат за доведување во прашање на нивниот родов идентитет. Ендокринолозите се тешко достапни во јавното здравство, иако искуствата со нив се генерално попозитивни.

Во здравствените институции се присутни и секојдневни повреди на достоинството и здравствените права преку погрешно ословување, потсмевање, озборување и споделување лични информации без согласност. Овие искуства го прават здравствениот систем небезбеден и непријателски простор и доведуваат до избегнување на здравствените институции.

## Механизми за заштита на правата

Трансродовите луѓе имаат ниска доверба во институциите и механизмите за заштита, поради страв од дополнителна виктимизација и нормализирање на повредите на нивните права, што резултира со ретко пријавување на случаите. За надминување на оваа состојба се потребни колективна и социјална поддршка и континуирана правна помош од граѓански организации.

## ЛГБТИ здруженија и активизам

Граѓанскиот сектор што обезбедува поддршка за трансродовите луѓе се соочува со значително ограничен простор за делување поради намалувањето и прекинот на финансиската поддршка, стагнацијата на европските интеграции и намалувањето на фондовите за човекови права. Како резултат, неколку ЛГБТИ организации се згаснати, а преостанатите имаат намалени капацитети за обезбедување правна, психо-социјална и здравствена поддршка, при што е затворен и шелтерот за ЛГБТИ лица жртви на насилство.

Поради ограничените ресурси, здруженијата не можат соодветно да одговорат на потребите на трансродовите луѓе, кои имаат различни искуства и нивоа на доверба во граѓанскиот сектор.

Трансродовите лица ја нагласуваат потребата од поголема видливост, едукација на здравствените работници и јавниот сектор, зајакнување на солидарноста и

создавање мрежи за поддршка и колективно делување. Особено се истакнува потребата од помоќни сојузници и заедничко застапување на ЛГБТИ заедницата за унапредување на правата на трансродовите луѓе.

Истовремено, ширењето и институционализирањето на анти-родовите политики по доаѓањето на десницата на власт во 2024 година создава дополнителен ризик од ограничување и уназадување на правата на трансродовите луѓе.

## Приоритетни области за промена на политики

Циснормативноста и трансфобијата се длабоко вкоренети во општеството на структурен начин, во законодавството и институциите, вредностите, релациите и културата. Општествените промени за унапредување на правата на трансродовите луѓе треба да имаат трансформативен ефект, односно да ги преиспитаат и предизвикаат патријархатот, цис и хетеронормативноста. За постигнување на структурни промени потребна е колективна акција, вклучување на сите релевантни чинители и континуирано спроведување на политики во различни области.

### Безбедност и слобода за автентично живеење на родовиот идентитет

Целта на промените е да се создадат услови трансродовите лица слободно и безбедно да го живеат и изразуваат својот родов идентитет, без страв од насилство, дискриминација, вознемирување и понижување. Потребен е сеопфатен институционален пристап заснован на почитување на достоинството, телесниот интегритет, приватноста и правото на самоопределување.

Приоритет е донесување и спроведување на **национална политика за унапредување на состојбите во однос на ЛГБТИ луѓето чија цел би била трансформирање на вредностите, намалување на предрасудите и прифаќање на сексуалната и родова различност**. Неопходно е да се донесат и да се спроведуваат политики засновани на родово трансформативниот пристап и суштествената еднаквост, на координиран и сеопфатен начин.

Неоходно е **целосното спроведување и унапредување на законската рамка за спречување и заштита од дискриминација**. Потребно е законодавството во различни сектори да се усогласи со принципите на еднаквост и недискриминација, институциите да имаат обврски за превенција и следење, а трансродовите лица да се информираат и оспособат за препознавање и пријавување на дискриминација и за користење на механизмите за заштита.

Во **заштитата од насилство** е потребно постојните закони да се применуваат доследно и да ги препознаваат специфичните ризици со кои се соочуваат

трансродовите лица, особено трансродовите жени и трансродовите деца и млади. Потребни се специјализирани услуги, советување и едукација на семејствата, како и јакнење на капацитетите на јавниот сектор за превенција и заштита од семејно, родово и сексуално насилство и дела од омраза.

Во **кривично-правната заштита** е постигнат напредок со препознавањето на родовиот идентитет, но полицијата, обвинителството сѐ уште треба значително да ги зајакнат своите капацитети и механизми за непристрасно постапување. Особено е важно полицијата да стане институција во која трансродовите лица имаат доверба, а обвинителството да спроведува непристрасни и ефикасни истраги за дела од омраза и говор на омраза согласно европските стандарди.

Потребна е унапредена регулација на **дигиталниот простор** преку воспоставување на механизми за административна заштита од говор на омраза, онлајн вознемирување и сексуално вознемирување, и да се преземат мерки за координиран одговор на анти-родовите актери кои шират говор на омраза и вознемируваат ЛГБТИ активисти.

**Правното признавање на родот** е основен услов за формална еднаквост и безбедно живеење и затоа е потребна брза, предвидлива и пристапна постапка заснована на самоопределување. Паралелно, потребни се можности за небинарно родово определување или неприкажување на родот во документите, како и достапна правна и психо-социјална поддршка и информирање на трансродовите лица за нивните права и постапките за нивно остварување.

## Социјална благосостојба, право на работа, здравје и здравствена заштита

Во областа на **работните односи**, потребно е да се обезбеди еднаков пристап на трансродовите лица до вработување, еднакви услови за работа и заштита на достоинството и работничките права, без дискриминација врз основа на родов идентитет и родово изразување. Приоритет е отстранување на правните и административните бариери, особено оние што произлегуваат од неусогласеноста меѓу личните документи и родовиот идентитет, како и целосно усогласување на трудовото законодавство со заштитата од дискриминација. Потребно е трансродовите луѓе да бидат вклучени во мерките за вработување, квалификација и преквалификација.

Трудовото законодавство треба да ги опфати и работниците во неформалната економија, оние што работат без договори и платформските работници, да ја ограничи употребата на договорите на определено време и да наметне обврски за спроведување политики за еднаквост на работното место. Потребно е нов закон за заштита од вознемирување на работното место, кој ќе ги препознае трансродовите лица и ќе ги опфати намерното обраќање со погрешен род или име, исмевањето, коментирањето на телото и изгледот, сексуализирањето и другите форми на

вознемирување. Механизмите за заштита на работничките права треба да бидат достапни и ефективни, а трудовиот инспекторат да го спроведува Законот за спречување и заштита од дискриминација во областа на трудот.

Во однос на **сексуалната работа**, потребно е унапредување на правната и социјалната положба на лицата кои се занимаваат со сексуална работа, со особено внимание на специфичната ранливост на трансродовите сексуални работници. Потребно е сексуалната работа да се декриминализира и да се опфати со трудовото законодавство, пензиското и здравственото осигурување, социјалната заштита и безбедноста при работа, а улогата на кривично-правниот систем да се трансформира од казнување и прогон кон заштита од насилство и злоупотреби. Истовремено, потребни се социјални услуги за лицата кои сакаат да излезат од сексуалната работа, како и соодветна заштита на правата на лицата кои работат преку онлајн платформи, вклучително и заштита од онлајн насилство, економска и дигитална несигурност и злоупотреба на личните податоци.

Во областа на **здравството**, целта е трансродовите лица да имаат еднаков пристап до целосна, достапна, пристапна, безбедна и родово-афирмативна здравствена грижа, без патологизација, финансиски и административни бариери, дискриминација или страв од понижување и насилство. Потребен е мултидисциплинарен модел кој ќе ги опфати медицинското прилагодување на родот, сексуалното и репродуктивното здравје и менталното здравје, како и унапредување на образованието, обуката и професионалната компетентност на здравствените работници. Особено е важно да се напушти патологизирачкиот пристап и пристапот до медицинско прилагодување на родот да не биде условен со психијатриска дијагноза.

Потребно е услугите за медицинско прилагодување на родот да бидат финансиски достапни и опфатени со задолжителното здравствено осигурување, со обезбедени услуги во јавниот здравствен систем, соодветна географска достапност и јасни процедури за упатување. Паралелно, треба да се унапреди достапноста и квалитетот на услугите за ментално здравје и да се препознае влијанието на дискриминацијата, насилството, социјалната изолација и економската несигурност врз менталното здравје. Потребно е целосно почитување на правата на пациентите, зајакнување на механизмите за контрола и здравствениот инспекторат, едукација на здравствениот персонал и усогласување на политиките во здравството со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## ЛГБТИ заедница и активизам

Целта е ЛГБТИ заедницата да функционира како простор на еднаквост и солидарност, во кој ниту еден идентитет или искуство не се смета за помалку легитимно, а специфичните права и потреби на трансродовите лица се препознаваат како дел од заедничката борба. Потребно е интензивирање на едукацијата, градењето мрежи на поддршка и јакнењето на солидарноста, како и создавање простори за социјализација и еманципација на ЛГБТИ заедницата. Особено е важно отворено да

се дискутираат и адресираат интернализираната хомо/транфобија и хиерархијата во заедницата како суштествени прашања на вредности, како и да се прилагодат содржините на потребите и интересите, особено на младите квир луѓе.

За спроведување на овие цели, ЛГБТИ здруженијата треба да имаат пристап до одржливи фондови за континуирани активности и услуги, надгледување на спроведувањето на законите, правен активизам, стратешко застапување и колективен одговор кон уназадувањето на правата под влијание на анти-родовата идеологија. Неопходно е и градење солидарност и поддршка со женското движење, движењето за ромски права, здруженијата за попреченост и други здруженија на маргинализирани групи, со цел зајакнување на потенцијалот за колективно делување и општествена еманципација.

## 6. Библиографија

Cvetkovik, Irena, Slavcho Dimitrov, and Manja Velickovska. ‘The Old New: Anti-Gender Mobilizations inNorthMacedonia’. In *Anti-Gender Mobilizations in the Post-Yugoslav Space Hidden Connection*. Palgrave Macmillan, 2026.

Directive (EU) 2024/2831 of the European Parliament and of the Council of 23 October 2024 on Improving Working Conditions in Platform Work (Text with EEA Relevance), CONSIL, EP (2024). http://data.europa.eu/eli/dir/2024/2831/oj.

‘Employee Earnings and Working Time’. Accessed 29 August 2026. https://datawrapper.dwcdn.net/qGWAy/31/.

Jadrovski, Igor. *The (in)Efficiency of the State Labour Inspectorate in the Protection of Workers’ Rights*. Helsinki Committee for Human Rights, 2021.

Kimova, Fani. *Barometer of Equal Opportunities*. Commission on Prevention and

Protection against Discrimination (CPPD) Macedonian Center for International Cooperation (MCIC), 2023.

Rogers, Michaela M. 'Exploring the Domestic Abuse Narratives of Trans and Nonbinary People and the Role of Cisgenderism in Identity Abuse, Misgendering, and Pathologizing'. *Violence against Women* 27, nos 12–13 (2021): 2187–207. https://doi.org/10.1177/1077801220971368.

Serano, Julia. *Whipping Girl: A Transsexual Woman on Sexism and the Scapegoating of Femininity*. Basic Books, 2016.

*Spotlight Report on the Position of LGBTI Persons in the Republic of North Macedonia-Civil Society Submission under Paragraph 89 of the 2030 Agenda (A/RES/70/1).* Coalition Margins, LGBTI Support Centre, Subversive Front, ERA, 2020.

World Bank Open Data. 'World Bank Open Data'. Accessed 29 August 2026. https://data.worldbank.org.

X v. 'the Former Yugoslav Republic of Macedonia', No. 29683/16 (ECtHR 17 January 2019). https://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-189096.

Гладкова, Каи, Игор Пеев, Огнен Ивановски, Искра Крстевска, and Драгана Дрндаревска. *Анализа На Пристапност и Достапност На Здравствени Услуги За Трансродови Лица Во Република Северна Македонија*. ТрансФорма, Коалиција Маргини, 2024.

Димитриевски, Ангел. *Безбедноста е Политичка: Унапредување На Работничките Права На ЛГБТИК+ Лицата Во Северна Македонија*. Коалиција Маргини, ЕРА, 2026.

Димитров, Славчо. *Трансродовото Искуство: Идентитети, Тела, Насилство и Социјализација*. 2018.

Дрндаревска, Драгана. *Анализа На Правната Рамка Во Република Северна Македонија Во Однос На Дигиталната Безбедност и Дигиталните Права На Сексуалните Работници*. Скопје, 2024.

Дрндаревска, Драгана. *Структурни Пречки Во Спроведувањето На Еднаквоста-Анализа На Спроведувањето На Законот За Спречување и Заштита Од Дискриминација 2023-2026*. Хелсиншки Комитет за човекови права, 2026.

Дрндаревска, Драгана, and Мања Величковска. *Опасност Од (Не)Постоење: Институционално Насилство, Пристап До Права и Ставови За ЛГБТИК+ Заедницата Во Северна Македонија (2021–2023)*. Коалиција Маргини, 2025.

Закон За Заштита На Правата На Пациентите, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/08, 12/09, 53/11, 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 190/19 и 122/21 (2008).

Закон За Заштита Од Вознемирување На Работното Место, „Службен весник на Република Македонија” бр. 79/13 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21 и 124/25 (2013).

Закон За Инспекцијата На Труд, „Службен весник на Република Македонија” бр. 35/97, 29/02, 36/11, 164/13, 44/14, 33/15, 147/15 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 317/20 и 16/25 (1997).

Закон За Работните Односи, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25 (2005).

Закон За Спречување и Заштита Од Дискриминација, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 (2020).

Закон За Спречување и Заштита Од Насилство Врз Жени и Семејно Насилство, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/21 и 39/25 (2021).

Кривичен Закон, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23, 188/23, 16/26 И 17/26 (1996).

Петковска, Наташа. *Државниот Инспекторат За Труд Како Заштитник На Работниците Од Дискриминација*. Мрежа за заштита од дискриминација, 2021.